# Информатор

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ЖРСМ ТРАНСПОРТ АД - СКОПЈЕ

ГОДИНА IV БРОЈ 43 ЈАНУАРИ 2021 ГОДИНА


## Содржина:


**Седница на Управен одбор одржана на 15.01.2021 година**

- Дневен ред број 113/1 ...... 3-4
- Одлука број 113/1-1 ...... 5
- Одлука број 113/1-2 ...... 6
- Одлука број 113/1-3 ...... 7
- Одлука број 113/1-4 ...... 8
- Одлука број 113/1-5 ...... 9
- Одлука број 1131-6 ...... 10
- Одлука број 113/1-7 ...... 11
- Одлука број 113/1-8 ...... 12-22
- Одлука број 113/1-9 ...... 23-24
- Одлука број 113/1-10 ...... 25-26
- Одлука број 113/1-11 ...... 27-37
- Одлука број 113/1-12 ...... 38-41
- Одлука број 113/1-13 ...... 42

**Седница на Управен одбор одржана на 26.01.2021 година**

- Дневен ред број 168/1 ...... 43
- Одлука број 168/1-1 ...... 44
- Одлука број 168/1-2 ...... 45
- Одлука број 168/1-3 ...... 46

**Седница на Надзорен одбор одржана на 261.01.2021 година**

- Дневен ред број 169/1 ...... 47
- Одлука број 169/1-1 ...... 48
- Одлука број 169/1-2 ...... 49
- Одлука број 169/1-3 ...... 50
- Одлука број 169/1-4 ...... 51
- Одлука број 169/1-5 ...... 52

**_Издава: ЖРСМ Транспорт АД - Скопје_**
_Уредник: Ѓорѓи Станковски_
_Печати: Печатница на ЖРСМ Транспорт АД - Скопје_

**ЖРСМ ТРАНСПОРТ АД - СКОПЈЕ**
**Број:113/1**
**15.01.2021 година**
**С К О П Ј Е**

**До**
**ЧЛЕНОВИТЕ НАУПРАВНИОТ ОДБОР**
**на ЖРСМ Транспорт АД– Скопје**

Врз основа на член 19 од Статутот, за деведесетипеттиот состанок на Управниот Одбор на ЖРСМТ го предлагам следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записник од деведесетичетвртиот состанок на Управниот одбор на ЖРСМТранспорт АДСкопје, број 2707/1 од 25.12.2020 година;

**1.**Донесување на Одлука за плаќање на Про-фактура број 63/2020издадена на ден 30.12.2020 со валута 30.12.2020 од РИС ХЕМ Дооел Скопје, со даночен број МК4012016513060, со опис – Кварцен песок количина 6.000 кг, со вкупен износ од70.800,00 денарисо пресметан ДДВ;
**2.**Донесување на Одлука за плаќање на Про-фактура број 07-333001453-20 издадена на ден 28.12.2020 година од МАН Импортер Македонија Дооел, со даночен број МК4030007643250 со опис- Поклопец за филтер за масло тг/тгџ/тгс 5 (пет) парчиња, со вкупен износ од 11.759,35 денарисо пресметан ДДВ;
**3.**Донесување на Одлука за утврдување на висината на благајнички максимум на износ од 140.000,00 денари на ниво на ЖРСМ Транспорт АД-Скопје, кои по Организациони делови се пасппеделува: За Дирекција во висина од 50.000,00 денари, За Подружница Влеча на возови во висина од 40.000,00 денари, за подружница за Товарен сообраќај во висина на 25.000,00 денари, и за Подружница Патнични сообраќај во висина на 25.000,00 денари;
**4.**Донесување на Одлука за усвоување на Годишен план за јавни набавки на ЖРСМ Транспорт АД – Скопје за 2021 година;
**5.**Донесување на Одлука за надомест на пропратните и други трошоци во врска со лекувањето и рехабилитацијата на вработениот Тасевски Дејан, кој настрадаво несреќа при работа - експлозијата и пожар во компресоркото одделение на ЖРСМТ на ден 19.11.2020 година;
**6.**Донесување на Одлука за надомест на пропратните и други трошоци во врска со лекувањето и рехабилитацијата на вработениот Лазаров Ристо, кој настрадаво несреќа при работа - експлозијата и пожар во компресоркото одделение на ЖРСМТ на ден 19.11.2020 година;
**7.**Донесување на Одлука за надомест на пропратните и други трошоци во врска со лекувањето и рехабилитацијата на вработениот Тасевски Васил, кој настрадаво несреќа при работа - експлозијата и пожар во компресоркото одделение на ЖРСМТ на ден 19.11.2020 година;

**Страна 1 од 2.**

**8.**Донесување на Одлука за измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на ЖРСМ Транспорт АД - Скопје (Пречистен текст) број 1115/1-9/1 од 19.05.2020 година;

**9.**Донесување на Одлука за измена на Одлука број 2063/1-2 од 30.09.2020 година на Управниот одбор за формирање на пописни комисии на ЖРСМ Транспорт АД-Скопје;

**10.**Донесување на Одлука за утврдување на висината на надоместокот т.е. за испостава на фактура за период од еден месец затрошоците во врска со користење на водата, ѓубретарина и парно греење за дадениот деловен простор под закуп наТВ Сонце.

**11.** Донесување на Оддлука за издавање под закуп на 75 (седумдесетипет) специјално плато вагони со 6 осовини од серија „СГГРСС".

**12.** Иницијатива за отпочнување на пилот-проект за витализација на патничкиот жалезнички сообраќај.

**13.** Донесување на Оддлука за исплата на фактура број 02/2021 издадена на ден 12.01.2021 година од ДООЕЛ ХЕРА-ТУРС Битола.

**Состанокот ќе се одржи на ден 15.01.2021 година(петок) со почеток во 13:30 часот, во кабинетот на Генералниот Директор на ЖРСМ Транспорт АД-Скопје.**

Претседател на Управен одбор
Adnan Azizi с.р.

Страна 2 од 2.

**ЖРСМ ТРАНСПОРТ АД - СКОПЈЕ**
**Број:113 /1-1**
**15.01.2021 година**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 19од Статутот, Управниот одбор на ЖРСМ Транспорт АД – Скопје на деведесетипетиотсостанок одржан на ден 15.01.2021година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**1.**За плаќање на Про-фактура број 63/2020, издадена на ден 30.12.2020 година, со валута 30.12.2020 година од РИС ХЕМ Дооел Скопје, со даночен број МК4012016513060, со Опис – Кварцен песок количина 6.000 кг, со единична цена во износ од 10,00 денари исо вкупен износ од 70.800,00 денарисо пресметан ДДВ;

**2.**Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето;

**3.**Одлуката да се достави на знаење и извршување на соодветните субјекти.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со писмено барање број 60/1 од 05.01.2021година Директор за влеча и одржување на возни средсва, Директор на Подружница за влеча на возови и Шеф на РЕ ТКП, побараа да се донесе Одлука за плаќање на Про-фактураза набавка наКварцен песок, која Управниот Одбор ја разгледа и донесе Одлука како во диспозитивот на овој акт.

**Претседател на Управен одбор**
**Adnan Azizi с.р.**

ЖРСМ ТРАНСПОРТ АД - СКОПЈЕ
Број:113 /1-2
15.01.2021 година
С К О П Ј Е

Врз основа на член 19од Статутот, Управниот одбор на ЖРСМ Транспорт АД – Скопје на деведесетипетиотсостанок одржан на ден 15.01.2021 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

**1.**За плаќање на Про-фактура број 07-333001453-20, издадена на ден 28.12.2020 година од МАН Импортер Македонија Дооел, со даночен број МК4030007643250, со Опис- Поклопец за филтер за масло тг/тгџ/тгс 5 (пет) парчиња, со вкупен износ од 11.759,35 денарисо пресметан ДДВ;
**2.**Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето;
**3.**Одлуката да се достави на знаење и извршување на соодветните субјекти.

## О б р а з л о ж е н и е

Со писмено барање број 2707/1 од 29.12.2020 година Директор за влеча и одржување на возни средсва, Директор на Подружница за влеча на возови и Шеф на РЕ ТКП побараа да се донесе Одлука за плаќање на Про-фактураза Поклопеци за филтер за масло тг/тгџ/тгс , кое Управниот Одбор го разгледа и донесе Одлука како во диспозитивот на овој акт.

Претседател на Управен одбор
Adnan Azizi с.р.

**ЖРСМ ТРАНСПОРТ АД - СКОПЈЕ**
**Број:113 /1-3**
**15.01.2021 година**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 19од Статутот, Управниот одбор на ЖРСМ Транспорт АД – Скопје на деведесетипетиотсостанок одржан на ден 15.01.2021 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

**1.**За утврдување на висината на благајнички максимум на износ од 140.000,00 денари во ЖРСМ Транспорт АД-Скопје, кои по Организационите делови се распеделува и тоа како што следи во:
**1.1.**Дирекција благајничкиот максимум изнесува 50.000,00 денари,
**1.2** Подружница Влеча на возови благајничкиот максимум изнесува40.000,00 денари,
**1.3.** Подружница за Товарен сообраќај благајничкиот максимум изнесува25.000,00 денари и
**1.4.**Подружница Патнични сообраќај благајничкиот максимум изнесува25.000,00 денари;
**2.**Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето;
**3.**Одлуката да се достави на знаење и извршување на соодветните субјекти.

### О б р а з л о ж е н и е

Со писмено барање број 65/1 од 08.01.2021 година,а врз основа на член 20 од Законот за платен промет Раководител на Сектор за економски и финансиски работи побара да се утврди висината на благајничкиот максимум во ЖРСМТ и по Организационите делови на ЖРСМТ, кое Управниот одбор го разгледа и донесе Одлука како во диспозитивот на овој акт.

**Претседател на Управен одбор**
**Adnan Azizi с.р.**

ЖРСМ ТРАНСПОРТ АД - СКОПЈЕ
Број:113 /1-4
15.01.2021 година
С К О П Ј Е

Врз основа на член 19од Статутот, Управниот одбор на ЖРСМ Транспорт АД – Скопје на деведесетипетиотсостанок одржан на ден 15.01.2021 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

**1.**Се усвојува Годишен план за јавни набавки на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје за 2021 година;

**2.**Годишниот план за јавни набавки на ЖРСМТ за 2021година носи архивски подброј на оваа Одлука и истиот е составен дел на оваа Одлука;

**3.**Оваа Одлука и Годишниот план за јавни набавки на ЖРСМТ за 2021 година претходно да се достават на одобрение од Надзорниот одбор на ЖРСМТ и иститеќе имаат правна сила од денот кога е дадено одобрението;

**4.**Одобрената Одлука и Годишниот план за јавни набавки на ЖРСМТда се достават на знаење и извршување на соодветните субјекти.

### Образложение

Раководителот на Одделението за набавки по добиенитеПисмени Известувања од сите Организациони делови на ЖРСМТво врска со потребите од набавки во деловната 2021 година, со пропратно писмо заведено под број 53/1 од 04.01.2021 година состави и достави Предлог-Годишен план за јавни набавки на ЖРСМТ за 2021 година,кој Управниот одбор го разгледа и донесе Одлука како во диспозитивот на овој акт.

Претседател на Управен одбор
Adnan Azizi с.р.

**ЖРСМ ТРАНСПОРТ АД - СКОПЈЕ**
**Број:113 /1-5**
**15.01.2021 година**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 19од Статутот, Управниот одбор на ЖРСМ Транспорт АД – Скопје на деведесетипетиотсостанок одржан на ден 15.01.2021 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

**1.**За надомест на пропратните и други трошоци во врска со лекувањето и рехабилитацијата на вработениот Дејан Тасевски на работното место 7.46.6. Машинобравар, во Одделение за одржување на товарни вагони, во РЕ ТКД, во Подружница Влеча на возови во износод 2.949,00денари. Средства да се исплатат на сметката на која Вработениот прима плата;

**2.**Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето;

**3.**Одлуката да се достави на знаење и извршување на соодветните субјекти.

### О б р а з л о ж е н и е

Со писмено барање број 55/1 од 05.01.2021 годинаи со прилог - фискални сметки за направени пропратни и други трошоци за лекување и рехабилитација, Вработениотпобара надомест погоре споменатите трошоци кои се последица од настанатата несреќа при работа - експлозијата и пожар во компресоркото одделение во Трубаревона ЖРСМТ на ден 19.11.2020 година, кое Управниот Одбор го разгледа и донесе Одлука како во диспозитивот на овој акт.

**Претседател на Управен одбор**
**Adnan Azizi с.р.**

ЖРСМ ТРАНСПОРТ АД - СКОПЈЕ
Број:113 /1-6
15.01.2021 година
С К О П Ј Е

Врз основа на член 19од Статутот, Управниот одбор на ЖРСМ Транспорт АД – Скопје на деведесетипетиотсостанок одржан на ден 15.01.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**1.**За надомест на пропратните и други трошоци во врска со лекувањето и рехабилитацијата на вработениот Лазаров Ристона работното место 7.3.10. Контролор за товарни вагони во Трубарево, во Одделение за техничка контрола на влечни и влечени средсва, во Сектор за Влеча во износ од 1.132,00 денари. Средства да се исплатат на сметката на која Вработениот прима плата;

**2.**Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето;

**3.**Одлуката да се достави на знаење и извршување на соодветните субјекти.

### Образложение

Со писмено барање број 89/1 од 12.01.2021 година и со прилог - фискални сметки за направени пропратни и други трошоци за лекување и рехабилитација, Вработениот побара надомест погоре споменатите трошоци кои се последица од настанатата несреќа при работа - експлозијата и пожар во компресоркото одделение во Трубаревона ЖРСМТ на ден 19.11.2020 година, кое Управниот Одбор го разгледа и донесе Одлука како во диспозитивот на овој акт.

Претседател на Управен одбор
Adnan Azizi с.р.

**ЖРСМ ТРАНСПОРТ АД - СКОПЈЕ**
**Број:113 /1-7**
**15.01.2021 година**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 19од Статутот, Управниот одбор на ЖРСМ Транспорт АД – Скопје на деведесетипеттиотсостанок одржан на ден 15.01.2021 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**1.**За надомест на пропратните и други трошоци во врска со лекувањето и рехабилитацијата на вработениот Васил Тасевски на работното место 7.10.3. Магационер со задржана ставка од помошник машиновозач, во Магацинско одделение, во РЕ ТКП, во Подружница за Влеча на возови во износ од 3.255,00 денари. Средства да се исплатат на сметката на која Вработениот прима плата;

**2.**Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето;

**3.**Одлуката да се достави на знаење и извршување на соодветните субјекти.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со писмено барање број 88/1 од 12.01.2021 година и со прилог - фискални сметки за направени пропратни и други трошоци за лекување и рехабилитација, Вработениот побара надомест погоре споменатите трошоци кои се последица од настанатата несреќа при работа - експлозијата и пожар во компресоркото одделение во Трубаревона ЖРСМТ на ден 19.11.2020 година, кое Управниот Одбор го разгледа и донесе Одлука како во диспозитивот на овој акт.

**Претседател на Управен одбор**
**Adnan Azizi с.р.**

ЖРСМ ТРАНСПОРТ АД - СКОПЈЕ
Број:113 /1-8
15.01.2021 година
С К О П Ј Е

Врз основа на член 19од Статутот, Управниот одбор на ЖРСМ Транспорт АД – Скопје на деведесетипеттиотсостанок одржан на ден 15.01.2021 година ја донесе следната

# ПРАВИЛНИК
## за измени и дополнување на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на ЖРСМ Транспорт АД – Скопје

**Член 1**

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во ЖРСМ Транспорт АД – Скопје (Пречистен текст) број 1115/1-9/1 од 19.05.2020 година.

**Член 2**

1.Измените и дополнувањата на предметниот Правилник се вршат:

1.1.Во табеларниот дел на Правилникот за внатрешна систематизација и организација на работните места во ЖРСМ Транспорт АД – Скопје,кој е под непосредна надлежност на Генералниот Директорот и тоа на страна 17, се додава ново Одделение за внатрешна контрола, со реден број 1.4., во кое понатаму следат работните места и тоа:

**-„1.4.1. Раководител на Одделение за внатрешна контрола,**
-Стручна подготовка: Висока;
-Степен на стручна подготовка: Високо унив. образование (VII-1 степен или минимум 240 ЕКТС);
-Насока: Електромашинска, Економска, Правна и Општа;
-Потребно работно искуство: 3 години;
-Стручен испит на железници: Не ;
-Потребни извршители: 1 ;
-Коефициент: 4,20."

**-„1.4.2. Контролор во Одделение за внатрешна контрола,**
-Стручна подготовка: Висока;
-Степен на стручна подготовка: Висока унив. Образ. (со мини. 240 ЕКТС или со минимум 180 ЕКТС);
-Насока: Општа;
-Потребно работно искуство: 2 извршители со 2 години работно искуство и 2 извршители без работно искуство;
-Стручен испит на железници: Не;
-Потребни извршители: 4 ;
-Коефициент: 3,60."

**1.2.** Во делот за опис и попис на работи и работни задачи по работни места во Правилникот за внатрешна систематизација и организација на работните места во ЖРСМ Транспорт АД – Скопје кој е под непосредна надлежност на Генералниот Директор и тоа на страна 21, се додава ново - **1.4.Оделение за внатрешна контрола**, соопшти одредби и потоа со опис и попис на работи и работни задачи по работни места - **1.4.1. Раководител на Одделение за внатрешна контрола и 1.4.2. Контролор во Одделение за внатрешна контрола** и тоа како што следи:

**-„1.4. Оделение за внатрешна контрола – општи одредби**

Поради широкиот и специфичен улога работен ангажман на Одделниеmо во спроведување на контрола и надзор во ЖРСМТ, што всушност преставува посредна контрола и надзор од страна на Генералниот Директор на ЖРСМТ, кој е Статутарно надлежен и одговорен за законито работење во Друштвото, со овој Правилник се утврдуваат општи одредби за работењето на Одделението за внатрешна контрола (во понатамошниот текст: ОВК) и тоа како што следи:

-ОВК работи по налог и надзор на Генералниот Директор на ЖРСМТ;

-Генералниот Директор на ЖРСМТ исто така може т.е. има право со усна или писмена наредба да ангажира и други Вработен/и во ЖРСМТ(лица кои не се вработени во ОВК) или стручни лица кои не се вработени во ЖРСМТ или работно ангажирани во ЖРСМТ, да помогнат т.е. дадат стручни совети, насоки, мислења или да да учествуваат заедно со Вработениот или Вработените од ОВК, при вршењето на контролата т.е. надзорот во дадената област. Секој Вработен во ЖРСМТ, како и сите други ангажирани лица од страна на ЖРСМТ, по били кој основ имаат работна обврска да постапат по највисоките принципи на професионалност и стручнаост за област во која се стручни и ангажирани т.е. совесно и чесно да ја извршат усната или писмената наредба на Генералниот Директор на ЖРСМТ. Секое постапување спротивно на оваа работна обврска преставува потешка повреда на работниот ред и дисциплина и основа за престанок на работниот однос на Вработениот т.е. престанок на работниот ангажман на Ангажираното лице, по било кој основ;

-ОВК исто така т.е. воедно работи и согласно претходно доставен и одобрен постојан месечен или тромесечен план за работа т.е. контрола од страна на Генералниот Директор. ОВК врши контрола и надзор согласно одобрениот план на сите Вработени во ЖРСМТ, како и надзор и контрола на сите други ангажирани лица од страна на ЖРСМТ, по били кој основ;

-ОВК врши надзор т.е. контрола во врска примената на Законот за работни односи, Законот за безбедност и здравје при работа, Законот за јавни набавки и на сите други закони;

-ОВК врши надзор т.е. контрола во врска примената на Колективниот Договор на ЖРСМТ, сите Правилници и други интерни општи и поединачни правни акти на ЖРСМТ;

-ОВК врши надзор т.е. контрола во врска примената на сите (комеријални, јавни набавки и сите други - без исклучок) склучени домашни и меѓународни Договори од страна на ЖРСМТ, како и Договори кои ја обврзуваат ЖРСМТ и на сите други внатрешни и меѓународни законски и подзаконски акти кои се во врска со работењето на ЖРСМТ;

-ОВК врши надзор т.е. контрола во врска примената на Законот за железнички систем, Законот за сигурност во железничкиот систем, Законот за интероперабилност во железничкиот сообраќај и на сите други општи и поединачни акти акти;

-Вработените т.е. ангажирани лица од страна на ЖРСМТ на кои се врши контрола имаат работна обврска да соработуваат т.е. да ги презентира сите писмени акти, информации и факти во врска со нивното работење на Вработените и Овластените лица од ОВК. Секое постапување спротивно на оваа работна обврска од страна на Вработениот преставува потешка повреда на работниот ред и дисциплина и основа за престанок на работниот однос на Вработениот т.е. престанок на работниот ангажман на Ангажираното лице, по било кој основ;

-ОВК врши надзор т.е. контрола во врска со безбедноста и уредноста во одвивањето на железничкиот сообраќај, примена на сообраќајно-транспортни и технички прописи во врска со исправноста на железничките возила, примена на прописот за кочење на железничите возила, примена на прописите за превоз на пратки под посебни услови, на опременост на возот со потребни средства и прибор, на примена на прописи од областа на сигнализација, на примена на Законот и други општи акти за организација, регулирање и извршување -на железничкоот сообраќај, на исполнување на условите на машиновозачите и другите железнички работници во - поглед на пропишаната стручна подготовка и здравствени способности за самостојно извршување на работа на одредени работни места, на правилна примена на прописите за работното време на машиновозачите, другите железнички работници и на сите останатите вработени и ангажирани лица во Друштвото;

-Секој Вработен, Работно ангажиран во ЖРСМТ, Подружница, Сектор, Одделение, Отсек и друг организационен облик во во ЖРСМТ е должен по усно или писмено барање на Овластеното лице од ОВК, да ги достави сите побарани акти т.е. информации. Овалстеното лице има работна обврска со актите и информациите кои ги добил при вршењето на своите работни задачи да постапува согласно одредбите од Правиникот за деловна тајна на ЖРСМТ;

-ОВК врши алкотест на машиновозачите другите железнички работници и останатите вработени во Друштвото, контрола и надзор на спроведување на меѓународните договори кои се однесуваат на безбедноста во железничкоот сообраќај, на примена на општи и интерни прописи, одлуки и други нормативни-општи акти со кои се регулира материјално – финансиските работење или се уредуваат економските односи во Друштвото и контрола на користењето на целокупните материјални и парични средства од аспект на нивна наменска и целисходна употреба и

-ОВК врши и други работи кои ќе ги определи Генералниот Директор на ЖРСМТ."

**„1.4.1. Раководител на ОВК**

-Раководи, организира и ја координира и работата на Одделението, која е утврдедна во точката 1.4. Оделение за внатрешна контрола – општи одредби од овој Правилник;

-Раководи и ги распоредува работните задачи на Вработените во Одделението, кои се утврдени во точката 1.4. Оделение за внатрешна контрола – општи одредби од овој Правилник;

-СоставуваИзвештаи и Записници за извршените контроли, во врска со точката 1.4. Оделение за внатрешна контрола – општи одредби од овој Правилник;

-На Генералниот Директор му предлага месечен или тромесечен план за работа на ОВК и е одговорен за спроведувањето на одобрените планови за работа, согласно точката 1.4. Оделение за внатрешна контрола – општи одредби од овој Правилник;

-Дава предлози на Генералниот Директор за начинот, постапката и за лицата кои треба да се ангажираат за извршување на работните задачи утврдени во точката 1.4. Оделение за внатрешна контрола – општи одредби од овој Правилник;
-Ја организира, контролира и координира работата на Врабетните во Одделнието, како и на лицата кои се работно ангажирани во вршењето на внатрешната контрола, со усна или писмена наредба од Генералниот Директор и доставуава писмен или усен Извештај до Генералниот Директор во врска со таквата контрола како и во врска со конролата и надзорот согласно точката 1.4. Оделение за внатрешна контрола – општи одредби од овој Правилник;
-Дава мислења и предлози исклучиво до Генералниот Директор во врска со спроведување на одредени законски и подзаконки акти за искуствата и стекнатите сознаниа од спроведените контроли согласно точката 1.4. Оделение за внатрешна контрола – општи одредби од овој Правилник;
-Ги следи законските и подзаконските прописи кои се битни за извршување на контроли и надзор согласно точката 1.4. Оделение за внатрешна контрола – општи одредби од овој Правилник;
-Должен е да се грижи за своето стручно усовршување т.е. стручна надграба, како за стручното усовршување т.е. стручната надграба на вработените во Оделените во врска со извршувањето на работните задачи утврдени во точката 1.4. Оделение за внатрешна контрола – општи одредби од овој Правилник;
-За извршувањето на поставените работни задачи од Генералниот Директор т.е. за извршувањето на работните задачи утврдени во точката 1.4. Оделение за внатрешна контрола – општи одредби од овој Правилник е одговорен пред Генералниот директор и за сите добиенини акти, имфорамации и сознанија го известува исклучиво Генералниот Директор;
-Соработува, доставува записници, предлози, мислења и други инфорамции на другите вработени, лица и делови на ЖРСМТ, само и исклучиво ако Генералниот Директор даде такво упатство, одобрение, согласност или наредба и во ниту еден друг случај;
-За извршувањето на поставените работни задачи должен е постаојано да го известува и одговара исклучиво пред Генералниот Директор, а во однос на остварување и извршувањето на своите права и обврските од работниот однос одговара и пред Директорот за правни работи, човечки ресурси и корпоративни функции;
-Врши и други работни задачи дадени исклучиво од Генералниот директор."

**„1.4.2. Контролор во ОВК**
-Ги извршува работните задачи поставени од Раководитлот на ОВК, кои се утврдедни во точката 1.4. Оделение за внатрешна контрола – општи одредби од овој Правилник;
-Дава предлози на Раководдителот на ОВК за начинот, постапката и за лицата кои треба да се ангажираат за извршување на работните задачи утврдени во точката 1.4. Оделение за внатрешна контрола – општи одредби од овој Правилник;
-СоставуваИзвештаи и Записници за извршените контроли, во врска со точката 1.4. Оделение за внатрешна контрола – општи одредби од овој Правилник;

-Должен е да ги изврши сите работни задачи поставени со месечен или тромесечен план за работа на ОВК, како и усните и писмени наредби дадени од Раководителот на ОВК, согласно точката 1.4. Оделение за внатрешна контрола – општи одредби од овој Правилник;

-Дава мислења и предлози исклучиво до Раководителот на ОВК во врска со спроведување на одредени законски и подзаконки акти за искуствата и стекнатите сознаниа од спроведените контроли согласно точката 1.4. Оделение за внатрешна контрола – општи одредби од овој Правилник;

-Ги следи законските и подзаконските прописи кои се битни за извршување на контроли и надзор согласно точката 1.4. Оделение за внатрешна контрола – општи одредби од овој Правилник;

-Должен е да се грижи за своето стручно усовршување т.е. стручна надграба, во врска со извршувањето на работните задачи утврдени во точката 1.4. Оделение за внатрешна контрола – општи одредби од овој Правилник;

-За извршувањето на поставените работни задачи од Раководителот на ОВК т.е. за извршувањето на работните задачи утврдени во точката 1.4. Оделение за внатрешна контрола – општи одредби од овој Правилник е одговорен пред Раководителот на ОВК и за сите добиенини акти, имфорамации и сознанија го известува исклучиво Раководителот на ОВК;

-Соработува, доставува записници, предлози, мислења и други инфорамции на другите вработени, лица и делови на ЖРСМТ, само и исклучиво ако Раководителот на ОВК даде такво упатство, одобрение, согласност или наредба и во ниту еден друг случај;

-За извршувањето на поставените работни задачи должен е постаојано да го известува и одговара исклучиво пред Раководителот на ОВК и Генералниот Директор; а во однос на остварување и извршувањето на своите права и обврските од работниот однос одговара и пред Директорот за правни работи, човечки ресурси и корпоративни функции;

-Врши и други работни задачи дадени од Раководителот на одделение за внатрешна контрола."

**1.3.** Во табеларниот дел на Правилникот за внатрешна систематизација и организација на работните места во ЖРСМ Транспорт АД – Скопје кој е под непосредна надлежност на Директорот за финансиски и економски работи и тоа на страна 91, во 5.6.Одделение за сметководствени работи, со реден број 5.6.1. **ЗБРООВИТЕ КОИ СЕГА ГЛАСАТ:**

-„**1.4.1. Раководител на Одделение за сметководствени работи,**

-Стручна подготовка: Висока;

-Ст. на стру. подг: Вис. унив. Образ.(VII-1 степен или минимум 240 ЕКТС)Овластен сметководител;

-Насока: Економска;

-Потребно работно искуство: 5 години;

-Стручен испит на железници: Не ;

-Потребни извршители: 1 ;

-Коефициент: 4,20."

СЕ МЕНУВААТ И СЕГА ГЛАСАТ:

-„**1.4.1. Раководител на одделение за сметководствени работи,**

-Стручна подготовка: Висока;

-Ст. на стру. подг: Вис. унив. Образ.(VII-1 степен или минимум 240 ЕКТС)Овластен сметководител;

-Насока: Економска;

-Потребно работно искуство: 3 години;

-Стручен испит на железници: Не ;

-Потребни извршители: 1 ;

-Коефициент: 4,20."

**1.4.** Во табеларниот дел на Правилникот за внатрешна систематизација и организација на работните места во ЖРСМ Транспорт АД – Скопје кој е под непосредна надлежност на Директорот за финансиски и економски работи и тоа на страна 93, се додава ново Одделение за Развој и инвестиции(во понатамошниот текст: ОРИ), со реден број 5.15. во кое понатаму следат работните места и тоа:

-„**5.15.1.Раководител на Одделение за Развој и инвестиции(ОРИ)**

-Стручна подготовка: Висока;

-Степен на стручна подготовка: Висока унив. образование (VII-1 степен или минимум 240 ЕКТС);

-Насока: Економска, Правна и Општа;

-Потребно работно искуство: 3 години;

-Стручен испит на железници: Не;

-Потребни извршители: 1 ;

-Коефициент: 4,20."

-„**5.15.2. Главен референт во ОРИ**

-Стручна подготовка: Висока;

-Степен на стручна подготовка: Висока унив. Образ. (минимум 240 ЕКТС или минимум 180 ЕКТС);

-Насока: Економска, Правна и Општа;

-Потребно работно искуство: / ;

-Стручен испит на железници: / ;

-Потребни извршители: 3;

-Коефициент: 3,60."

**1.5.** Во делот за опис и попис на работи и работни задачи по работни места на Правилникот за внатрешна систематизација и организација на работните места во ЖРСМ Транспорт АД – Скопје кој е под непосредна надлежност на Директорот за финансиски и економски работи и тоа на страна 118, се додава ново **5.15. Оделение за Развој и Инвестиции**(понатаму како ОРИ) и во опис и попис на работни и работни задачи по работни места за ново работното место **5.15.1.Раководител на ОРИ и 5.15.2.Главен референт во ОРИ** и тоа како што следи:

**Страна 6 од 11.**

**-„5.15.1.Раководител на ОРИ**

-Раководи, организира и ја координира и работата на Одделението;

-Изготвува краткорочни, среднорочни и долгорочни планови за развој на ЖРСМТ и ја дефинира инвестициската политика за изградба;

-Ги следи работите и ги прати измените од развојно-инвестиционите прописи, стандарди, Упатства и други акти што се однесуваат на развојот и инвестициите во ЖРСМТ;

-Со другите стручни служби во ЖРСМТ и надвор од ЖРСМТ ја проучува организацијата на превозот од сообраќајно технички и од сите други аспекти на работата во ЖРСМТ и предлага најповолни и најразлични решенија, како и изготвува програмски задачи и студии за изработка на инвестиционо-техничка документација за позначајни потфати на ЖРСМТ;

-Дава насоки за изработка на претпроектни и инвестициони елаборати за проширување и реконструкција на железничките капацитети или другите сегменти на работата на ЖРСМТ;

-Го раководи, координира и следи реализирањето на инвестициските планови во ЖРСМТ;

-Ја организира и координира изработката на програмите за развој по методологија и барање на МБ, ги следи ИПА Програмите за развој и инвестиции, со цел да се аплицира на истите, ги следи меѓународните и домашните регулативи, кои се битни за развој и инвестирање во ЖРСМТ;

-Ги следи меѓународните трендови и препораки на ЕУ и други меѓународни институции, организации и меѓународните финансиски институции поврзани со развојните програми и инвестициски проекти, кои се битни за развој и инвестирање во ЖРСМТ;

-Доставува информации до Директорот за економски и финасиски работи;

-За извршувањето на поставените работни задачи должен е постаојано да го известува и одговара Директорот за економски и финасиски работи;

-Врши и други работни задачи дадени од претпоставените."

**-„5.15.2.Главен референт во ОРИ**

-Ги извршува работните задачи поставени од Раководителот на ОРИ;

-Согласно дадените упатстава и насоки од Раководителот на ОРИ изготвува краткорочни, среднорочни и долгорочни планови за развој на ЖРСМТ;

-Ги следи измените од развојно-инвестиционите прописи, стандарди и упатства и други акти што се однесуваат на развојот и инвестициите во ЖРСМТ;

-Согласно дадените упатстава и насоки од Раководителот на ОРИ, со другите стручни служби во ЖРСМТ и надвор од ЖРСМТ ја проучува организацијата на превозот од сообраќајно технички и од сите други аспекти на работата во ЖРСМТ и предлага најповолни и најразлични решенија, како и изготвува програмски задачи и студии за изработка на инвестиционо-техничка документација за позначајни потфати на ЖРСМТ;

-Согласно дадените упатстава и насоки од Раководителот на ОРИ, учествува во изработка на претпроектни и инвестициони елаборати за проширување и реконструкција на железничките капацитети или другите сегменти на работата на ЖРСМТ;

-Согласно дадените упатстава и насоки од Раководителот на ОРИ, учествува во реализирањето на инвестициските планови во ЖРСМТ и во изработката на програмите за развој по методологија и барање на МБ и ги следи меѓународните и домашните регулативи, кои се битни за развој и инвестирање во ЖРСМТ;
-Доставува информации до Раководителот на ОРИ и за извршувањето на поставените работни задачи должен е постојано да го известува и одговара Раководителот на ОРИ;
-Врши и други работни задачи дадени од претпоставените."

**1.6.** Во табеларниот дел на Правилникот за внатрешна систематизација и организација на работните места во ЖРСМ Транспорт АД – Скопје кој е под непосредна надлежност на Директорот за правни работи, човечки ресурси и корпоративни функции и тоа на страна 28, 2.9.4. во Отсек за одбрана и управување со кризи, се додава ново работното место:

-„**2.9.4.а. Заменик командир на безбедносни работници**
-Стручна подготовка: ССС;
-Степен на стручна подготовка: IV;
-Насока: Техничка - Општа;
-Потребно работно искуство: / години;
-Стручен испит на железници: / ;
-Потребни извршители: 2 ;
-Коефициент: 2,20."

**1.7.** Во делот за опис и попис на работи и работни задачи по работни места на Правилникот за внатрешна систематизација и организација на работните места во ЖРСМ Транспорт АД – Скопје кој е под непосредна надлежност на Директорот за правни работи, човечки ресурси и корпоративни функцииво Отсек за одбрана и управување со кризии тоа на страна 42, се додава опис и попис на работни задачи за ново работното место 2.9.4.А. Заменик командир на безбедносни работници и тоа како што следи:

-„**2.9.4.А. Заменик командир на безбедносни работници**
- Го заменува и помага на Командирот на безбедносните работници;
-Согласно дадените упатстава и насоки од Раководителот на одделението и Командирот на безбедносните работници ги извршува истите работни задачи пропишани за работното место 2.9.4.Командир на безбедносни работници, а кога не го заменува Командирот на безбедносните работници ги врши истите работните задачи проишани за работното место 2.9.5.Безбедносен работник, кои се пропишани во овој Правилник;
-За својата работа одговара пред Раководителот на одделението и Командирот на безбедносните работници;
-Врши и други работи дадени од страна на претпоставените."

**Страна 8 од 11.**

1.8. Во табеларниот дел на Правилникот за внатрешна систематизација и организација на работните места во ЖРСМ Транспорт АД – Скопје кој е под непосредна надлежност на Директорот замаркетинг и продажба и тоа на страна 79, се додава нов Сектор за маркетинг, продажба, тарифи и меѓународни односи, со реден број 4.А., во кое понатаму се додава ново работно место и тоа:

-„**4.А.1. Раководител на Сектор за маркетинг, продажба, тарифи и меѓународни односи,**

-Стручна подготовка: Висока;

-Степен на стручна подготовка: Високо унив. образование (VII-1 степен или минимум 240 ЕКТС);

-Насока: Економска, Општа;

-Потребно работно искуство: 5 години;

-Стручен испит на железници: Не ;

-Потребни извршители: 1 ;

-Коефициент: 4,60;

-Забелешка: Англиски јазик."

**1.9**. Во делот за опис и попис на работи и работни задачи по работни места на Правилникот за внатрешна систематизација и организација на работните места во ЖРСМ Транспорт АД – Скопје кој е под непосредна надлежност на Директорот замаркетинг и продажба и тоа на страна 80, се додава опис и попис на работни задачи за ново работното место **4.А.1. Раководител на Сектор за маркетинг, продажба, тарифи и меѓународни односи** и тоа како што следи:

-„**4.А.1.Раководител на Сектор за маркетинг, продажба, тарифи и меѓународни односи**

- Ја организира, контролира, координира и раководи со работата во Секторот;
- Ги распоредува работните задачи во Секторот и го следи текот на извршување на истите;

-Врши непосредна контрола и надзор на извршување на работите и задачите;

-Му предлага на Генералниот Директор и Директорот за маркетинг и продажба програма за работа на Секторот;

-Поднесува извештај за реализација за програмата на секторот;

-Остварува редовно контакти и соработка со другите раководители;

-Изготвува планови за работа на Секторот и одделенијата и се грижи за нивно остварување;

-Врши нормативно-правни стручни и оперативни задачи и работи од областа на маркетинг, продажба, тарифи и меѓународни односи;

-Организири и учествува во изработа на општи и други акти;

-Се грижи за нивно усогласување со законите и другите прописи;

-Изготвува договори и дава стручни мислење по примени понуди и договори;

-Дава стручни мислење за примена на закони и други прописи;

-Дава предлози за развој на деловната политика од областа на маркетинг, продажба, тарифи и меѓународни односи;

-Поднесува минимум еднаш месечно извештаи за работата на Секторот до Директорот;

-Прима барање и други информации во врска со маркетингот и продажбата т.е. во врска со тарифите, условите за превоз во товарниот и патничкиот превоз, како можностите за одредени повластици и сите други параметри кои се содржани во комерцијалната политика на Друштвото и предлага измени и дополненија во истата;

-Раководи и непосредно учествува во изработка на Комерцијалната политика, како и во изработка на анексите кон истата;
-Ги следи и анализира комерцијалните услови, вагонските пратки, контејнерските пратки, отварање можности за нови превози, финансиски услови за превоз и други услови кои што се составен дел на комерцијалната политика и врз основа на направената анализа доставува писмен предлог до Директораот за маркетинг и продажба во врска со изработката или промените во Комерцијалната политика;
-Во своето работење и координирање на работата во Секторот се придржува исклучиво на условите кои што се дадени во постоечката и важечка Комерцијална политика за тој период;
-Учествува во организација и едукација на кадрите на Друштвото;
-Учествува во изработка на предлог одлуки, решенија, заклучоци и друго;
-Се грижи за стручно усовршување и работната дициплина на вработените во Секторот;
